РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1330/56
20-04-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 33, член 22 став 1 и став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 51 - 54 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), на 4 - та седница одржана на ден 19.04.2024 година, во присуство на подносителот на приговорот – ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА - ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА, КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ", учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, со седиште на ул. „Орце Николов"бр. 86А, Скопје, и во присуство на одговорно лице и овластен претставник на Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1) Приговорот на организаторот/учесник на изборна кампања, заведен под архивски број **12-1330/1 од 05.04.2024** година, поднесен врз основа на член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, против Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје, а поради повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, затоа што по распишување на Претседателските избори 2024 година, со Решение за распишување на Претседателските избори 2024 година број 09 – 1168/1 од 14.02.2024 година, продолжена е постапка за вработување и склучување на договори за вработување на 130 слушатели во почетната обука за судии и јавни обвинители со Јавната установа Академијата за судии и јавни обвинители„Павел Шатев" од Скопје, **СЕ УСВОЈУВА**.

**2) СЕ ЗАДОЛЖУВА Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје,** започнатата постапка за прием на сто и триесет слушатели во почетна обука објавена во Јавен оглас на 30.01.2023 година, објавена во Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 19/23, согласно член 8 -а ст.1 алинеја 3, член 2 став 1 т. 29 од Изборниот Законик како и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси да ја стави во мирување до завршување на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Влада на Република Северна Македонија.

3) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до јавната институција против којашто е поднесен приговорот.

**О б р а з л о ж е н и е**

**На ден 05.04.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12-1330/1 од 05.04.2024 година.**

**Приговорот е поднесен од организаторот на изборна кампања „ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА - ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА, КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ“**, учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, застапувана од овластено лице Владимир Нелоски.

Приговорот е поднесен против Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ од Скопје ( понатаму:Академија за судии и јавни обвинители), **врз основа на член 33 став 2** од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19), а поради цитирам „ забранетото постапување и прекршување на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **отвори** постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 24 часа од приемот на приговорот, приговорот со прилог доставената документација од подносителот го достави до институцијата против која е поднесен приговорот, Академијата за судии и јавни обвинители. Академијата за судии и јавни обвинители достави произнесување на 08.04.2024 година, по што Државна комисија за спречување на корупцијата закажа јавна седница на ден 10.04.2024 година на која беа повикани и присутни, подносителот на приговорот и Академијата за судии и јавни обвинители.

По одржаната јавна седница, Државна комисија за спречување на корупцијата на ден 11.04.2024 година, донесе Одлука бр. 12-1330/15 со која го усвои поднесениот приговор на организаторот-учесник во изборната кампања Гордана Силјановска – Давкова, кандидат за Претседател.

Против оваа одлука, Академијата за судии и јавни обвинители поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија. Управниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по поднесената тужба од страна на Академија за судии и јавни обвинители на 13.04.2024 година донесе Пресуда УРП бр. 76/2024 со која тужбата на тужителот Академија за судии и јавни обвинители ја уважи, одлуката на Државна комисија за спречување на корупцијата ја поништи и предметот го врати на повторно одлучување на тужениот орган. При повторното постапување и одлучување, Управниот суд на Република Северна Македонија го задолжи тужениот орган да ги има предвид укажувањата на судот дадени со предметната пресуда, во однос на составот на Државна комисија за спречување на корупцијата, односно да одлучи по сите истакнати барања за изземање од страна на Академија за судии и јавни обвинители, како и законитоста на веќе изземените членови на Државна комисија за спречување на корупцијата, па потоа да го утврди составот на членовите на Државна комисија за спречување на корупцијата како колективно тело за одлучување во повторната постапка по конкретниот приговор. Воедно, ја задолжи Државна комисија за спречување на корупцијата да направи компаративна анализа за правната состојба за која дала Мислење во 2017 година, со сегашната правна состојба во оспорената одлука, во ситуација кога и во 2017 година и сега е фаза на постапката за прием на слушатели пред Академија за судии и јавни обвинители, па потоа да утврди дали станува збор за иста или

слична фактичка и правна состојба, при што во 2017 година Државна комисија за спречување на корупцијата дала мислење каде утврдила дека не постои законска пречка за реализирана, започната постапка за вработување на определено време на слушатели на почетната обука на Академија за судии и јавни обвинители, доколку за овие вработувања била или е обезбедена согласност за обезбедени финансиски средства за вработување и се работи за вработувања во случај на итни и неодложни работи во смисла на член 8 -а од Изборниот законик. Притоа го задолжи тужениот орган да постапи по одлуката на Управниот суд согласно член 33 ставови 3,4,5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Одлуката на Управниот суд на Република Северна Македонија е правосилна на ден 14.04.2024 година.

Постапувајќи по напатствијата на Управниот суд на Република Северна Македонија, на ден 15.04.2024 година, Државна комисија за спречување на корупцијата го достави Приговорот повторно до Академија за судии и јавни обвинители на произнесување.

Истиот ден, Државна комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по напатствијата и правното сфаќање на Управниот суд на РСМ, како и врз основа на подоцна осознаени околности, на Колегиум, донесе одлуки членовите на Комисијата Сервет Демири и Цвета Ристовска да ги изземе од понатамошно постапување во конкретниот предмет, поради постоење на судир на интереси, додека пак членовите на Комисијата Билјана Каракашова Шулев, Зоран Богоевски и Софија Спасова Медарска не ги иззема од понатамошно постапување, бидејќи во нивното постапување во конкретниот предмет не постои судир на интереси.

На ден 18.04.2024 година Академија за судии и јавни обвинители достави Изјаснување по однос на Приговор и Известување заведено во Академија за судии и јавни обвинители под арх. бр 03-160/11 од 18.04.2024 година, кое изјаснување е врачено на подносителот на приговорот на 18.04.2024 година.

Во Приговорот и документацијата како прилог на истиот, изнесени се наводи кои се однесуваат на тоа дека Академијата за судии и јавни обвинители, не ги почитува забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, поради тоа што во текот на изборната кампања **продолжена е постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата за судии и јавни обвинители, по оглас за прием на 130 слушатели во почетна обука за 2023 и 2024 година.**
Во приговорот е наведено и дека, станува збор за постапка во која слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и Законот за Академија за судии и јавни обвинители (член 50 став 1). Исто така е наведено дека почетната обука се одвива во две фази и тоа прва фаза – теоретска настава во траење од девет месеци и втора фаза – практична настава по институции во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци.
Исто така, се упатува дека Академијата на ден 29.03.2024 година на нејзината веб страна има објавено Распоред за полагање на квалификациониот тест во период од 01 до 04 април 2024 година според кој тековно тестот го полагале кандидатите, при што подносителот е факт што јасно укажува дека постапката за засновање на работен однос е започната и истата не е ставена во мирување, а со кое што дејствие Академијата ги прекршува член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик.

Во изјаснувањето доставено од страна на Академијата за судии и јавни обвинители се наведува дека, при одлучувањето Државна комисија за спречување на корупцијата треба да ја има во предвид позицијата на Академијата за судии и јавни обвинители во правниот систем на Република Северна Македонија, како и

положбата на судската власт во однос на законодавната и извршната власт. Според Академијата за судии и јавни обвинители со донесување на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители донесен во месец Јуни 2023 година во кој Закон се вградени препораките од Оценската мисија за судска одлука од 2018 година, поради што Академија за судии и јавни обвинители останува единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство, направена е реорганизација на приемниот испит со цел подобрено оспособување на кандидатите, за успешно учествување во обуката, намалени се роковите за поднесување и одлучување по приговори и жалби за резултатите од приемниот испит, почетната обука трае 24 месеци и се одвива во две фази, теоретска и практична настава, времетраењето на почетната обука остана исто за сите слушатели на почетната обука, како и тоа дека е редефиниран начинот на полагање на завршниот испит. Оттука Академија за судии и јавни обвинители смета дека со превземањето на обврската за едукација на кадрите во судството и обвинителството се обезбедува поголема професионалност, независност, непристрасност и ефикасност.

Следно, Академија за судии и јавни обвинители во своето изјаснување го појаснува статусот на слушателите и специфичноста на работниот однос кој тие го засноваат со Академија за судии и јавни обвинители. Според Академија за судии и јавни обвинители, не се работи за засновање на класичен работен однос, туку за платена обука за времетраењето на почетната обука. Академија за судии и јавни обвинители појаснува со постарите законски решенија примените слушатели на почетна обука го откажувале работниот однос од претходниот работодавач и ја следеле почетната обука со мал надомест. Со Законот од 2023 година е уредено дека за времетраењето на работниот однос, слушателот на почетната обука има право на плата на Виш судски/Јавно обвинителски советник во Основен суд/ Основно јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно закон. Токму лошото законско решение од минатото каде биле примани лица за слушатели и околу 2 години биле оставани без приходи, без здравствено осигурување, без можност за боледување како последица што имало слаб одзив на пријавени кандидати. Со новото законско решение, со примањето на плата на слушателите за времетраењето на обуката, се до нивниот избор за кандидат за судија или јавен обвинител се надминал претходно опишаниот проблем.

Согласно наводите на Академија за судии и јавни обвинители повикувајќи се на одредбата од член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, дејноста на Академија за судии и јавни обвинители која е евидентирана како „образование за возрасни, неспоменато на друго место“, специфичноста на работниот однос кој е предмет на овој спор во суштина е платено образование, неспоменато на друго место во државата, па оттука ако се анализира намерата на законодавецот дека во изборниот период не треба да се запре образовниот процес и во таа насока дозволени се вработувања во образованието, повеќе од јасна е паралелата дека во овој период не треба да се прекине и со приемниот испит кој всушност е начин да се рангираат кандидатите за слушатели по успех. Со тоа, според Академија за судии и јавни обвинители, ќе стекнат право на платено образование за возрасни во почетната обука за кој период засноваат работен однос на определено време, како што вели и погоренаведената одредба од Изборниот законик. Притоа Академија за судии и јавни обвинители доставува табеларен приказ во кој што ги наведува разликите во редовното вработување и вработувањето во почетната обука.

Понатаму, Академија за судии и јавни обвинители во своето произнесување ја појаснува комплексноста на приемната постапка во Академија за судии и јавни обвинители. Притоа, дава хронологија за приемот на предметните 130 слушатели во почетната обука и се што е превземено од нивна страна во текот на 2023 година, причините за два застои по објавување на огласот во месец јануари 2023 година заклучно со март 2024 година. Академија за судии и јавни обвинители укажува и дека долгото траење на приемниот испит во Академијата во последните години се должи на воведувањето на можноста за правен лек по секоја фаза на приемниот испит. Оттука, лесно може да се увиди дека во Академијата не постоел период на застој поради неажурност на институцијата туку исклучиво поради пропишаната приемна постапка во Законот.

Во однос на наводите во приговорот дека со продолжување на приемниот испит постои повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување корупција и судир на интереси и на член 8-а став 1 алинеја 3 и член

2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, Академија за судии и јавни обвинители појаснува дека своето работење го заснова исклучиво на Устав и законите во државата со помош на што создаде углед на институција чии резултати се признаени од страна на Евтопската Унија истакнувајќи ја Академијата како светла точка во правосудството во Република Северна Македонија. Во таа насока Академија за судии и јавни обвинители се повикува на мислењето дадено од страна на Државна комисија за спречување на корупцијата во 2017 година, во постапката за прием на 6-та генерација слушатели на почетна обука. Со оглед дека во тој период државата се наоѓаше во изборен процес, Академијата се обратила до Државна комисија за спречување на корупцијата со барање за мислење дали потои законска пречка за реализирање на вработувањата на определено време. Државна комисија за спречување на корупцијата до Академијата доставила мислење од 24.02.2017 година во кое се вели дека „не постои законска пречка да се реализира започнатата постапка за вработување на определено време на 37 слушатели на почетна обука во Академија за судии и јавни обвинители доколку за овие вработувања била обезбедена финансиска согласност за 2017 година и се работи за вработувања во случај на итни и неодложни работи". За таа цел и Државниот инспекторат на труд постапувајќи по заклучокот на Владата во тоа време, спровела вонреден инспекциски надзор во однос на овие вработувања при што не била утврдена повреда во пријавувањето на 37 кандидати во АВРМ. Оттука, според Академија за судии и јавни обвинители не би требало секој нов состав на Државна комисија за спречување на корупцијата да дава различни мислења во однос на едно исто правно прашање, бидејќи со таквиот чин се разнишуваат правната сигурност и владеењето на правото како темелни вредности на уставниот поредок на земјата. Во најмала рака Државна комисија за спречување на корупцијата била должна да ги образложи вака дијаметрално различните мислења за сосема идентична ситуација. Академија за судии и јавни обвинители наведува дека согласно законот за спречување на корупција и судир на интереси од 2019 година, Државна комисија за спречување на корупцијата повеќе не дава мислења по доставените барања поврзани со начинот на постапување во изборен период, па затоа Акадамијата за судии и јавни обвинители постапува по претходно утврдена пракса од Државна комисија за спречување на корупцијата. Академија за судии и јавни обвинители тоа го образложува со наводи дека не е бесцелно воспоставена судската пракса во судовите дури е и извор на правото во некои држави.

Во конкретниот случај според Академија за судии и јавни обвинители се работи за мошне слична ситуација како во 2017 година при што дури и при најстрого придржување до утврдената Временска динамика, не постои апсолутно никаква можност да се дојде до фазата на засновање на работен однос со слушателите во изборниот период ниту пак се знае кој од кандидадите ќе биде крајно селектиран за слушател во Академијата. Како најважен момент Академија за судии и јавни обвинители дава осврт на итноста и приоритетноста од екипирање на судството / јавното обвинителство. Доколку се земе предвид дека државата е под постојан мониторниг од ЕУ, од чија страна постојано добива негативни оцени во однос на неекипираноста на судството /јавното обвинителство, итноста и приоритетноста од завршување на оваа приемна постапка според Академија за судии и јавни обвинители е повеќе од јасна.

Имајќи го предвид фактот што изборот на судии освен во основните судови и јавни обвинителства, дури и во Управниот суд е сведен исклучиво преку Академијата за судии и јавни обвинители , ако Академијата за судии и јавни обвинители не понуди кадри повторно ќе има недоекипирање на судството и јавното обвинителство. Повторно потенцира Академија за судии и јавни обвинители дека оваа ситуација нема да заврши со завршување на претседателските избори, бидејќи по нив следуваат и парламентарни избори се до формирање нов состав на Владата на Република Северна Македонија. Приемот во почетна обука, според Академија за судии и јавни обвинители не значи обезбедување работно место и заносвање класичен работен однос, туку низ една долга приемна постапка се врши селекција на најквалитетните по успех кандидати и нивно оспособување за вршење на функцијата судија / јавен обвинител.

Во прилог на овие наводи Академија за судии и јавни обвинители доставува примерок од Договорот за вработување кој се склучува со кандидатите од кој, според Академија за судии и јавни обвинители, може да се увиди деке не се работи за класичен работен однос и каква е нивната позиција во Академијата. Според

Академија за судии и јавни обвинители статусот на овие вработени не може да се поистовети со ниту еден друг статус на редовно вработени лица.

Во поткрепа на сето претходно наведено со Изјаснувањето се предлага сослушување на Претседателот на Советот на јавни обвинители и Претседателот на Судски совет на Република Северна Македонија, кои ќе ја објаснат итноста и приоритетноста на состојбата со недостаток на кадри во правосудството, како засегнати и заинтересирани страни, повикувајќи се на член 33 став 5 од Законот за ЗСКСИ.

Понатаму Академија за судии и јавни обвинители бара од Државна комисија за спречување на корупцијата да ги изземе од процес на одлучување по овој предмет членовите на Државна комисија за спречување на корупцијата Софија Спасова Медарска, Цвета Ристова, Сервет Демири, Билјана Каракашова Шулев и Зоран Богоевски. Причините се наведени во самото изјаснување.

За крај, во изјаснувањето се дава и посебен осврт на ажурноста на Академијата од нејзиното основање до денес.

Од гореизнесеното и по извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Во конкретниот случај, станува збор за постапка за вработување на слушатели во почетна обука, која била започната со Јавен оглас број 02-61/4 од 30.01.2023 година, за прием на 130 слушатели во почетна обука за 2023 и 2024 година, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 19/2023 година.

Огласот бил објавен со одлука на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители , донесена на 193-та седница одржана на ден 24.01.2023 година.

Во член 30 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители - Слушатели на почетната обука - е наведено дека „*Почетната обука се организира заради стекнување практични и теоретски знаења и вештини, со цел создавање високообучени, самостојни, стручни и ефикасни кандидати, кои поседуваат интегритет и совесност во работењето, за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства како предуслов за почитување на принципите на владеење на правото и заштитата на човековите права и слободи за создавање квалитет на правда во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија*"

Член 50 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители предвидува: „***Со стекнување статус на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и овој закон***".

**По засновањето на работниот однос, согласно чл. 51 став 2 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители е уредено дека „*Почетната обука за слушателите трае 24 месеци и се одвива во две фази и тоа: - прва фаза - теоретска настава во Академијата во траење од девет месеци и - втора фаза - практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци*".**

По распишувањето на јавниот оглас, следувал период на застој во постапката, поради донесувањето на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители во месец јуни 2023 година, во кој била предвидена промена во редоследот и начинот на полгање во деловите од приемниот испит. Ова повлекло потреба од подготовка и донесување на подзаконски акти со кои се регулира работењето на Академијата меѓу кои и за приемната постапка.

Во месец октомври и месец ноември 2023 година била продолжена постапката и биле спроведени тест за познавање на странски јазици, психолошки тест и тест за интегритет, како дел од приемниот испит за

почетната обука. По ова повторно имало застој во постапката за прием на слушатели, поради појавен проблем во начинот на полагање на квалификацискиот тест.

Во месец март 2024 година донесени се измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители а исто така донесена била и Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Академијата, поради усогласување со законските измени.

Во моментот на донесување на Решението за распишување на Претседателските избори 2024 година (14.02.2024 година), предметната постапка била во фаза на мирување, а на седница одржана на ден 14.03.2024 година, Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, констатирал дека се исполнети условите за полагање на квалификацискиот тест со хартиено тестирање, а резултатите од тестирањето да се добијат со електронски читач. По ова, Управниот одбор на Академијата ја задолжил приемната Комисија да одржи седница и да донесе временска динамика за спроведување на понатамошниот дел од приемниот испит. Од Комисијата е постапено и на ден 18.03.2024 година усвоена е временската динамика според која се извршило полагањето на квалификацискиот тест во период од 01до 04 април 2024 година.

Од страна на Академијата за судии и јавни обвинители на ден 29.03.2024 година на нејзината веб страна е објавен Распоред за полагање на квалификацискиот тест во период од 01 до 04 април 2024 година, како нареден чекор од приемниот испит за почетната обука.

Полагањето на квалификацискиот тест било спроведено во периодот предвиден со временската динамика за спроведување на понатамошниот дел од приемниот испит.

Постапувајќи согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ги извести двете странки за правото да присуствуваат на јавната седница закажана за ден 19.04.2024 година (петок) во 15:30 часот. На седницата присуствуваа овластени претставници на подносителот на приговорот и Академијата за судии и јавни обвинители кои го искористија своето право на усно произнесување/образложение.

**Од фактичката состојба за случајот, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите за сомневање изнесени во поднесениот Приговор се основани, поради тоа што со дејствијата превземени во Академијата за судии и јавни обвинители по однос на пријавената постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата, не се испочитувани забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик односно, започнатата постапка не е ставена во мирување, имајќи предвид дека со стекнување статус на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за судии и јавни обвинители.**

**По однос на ова прашање, одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од Изборниот законик кои се однесуваат на забрани за постапување во изборен процес, не прават исклучок на ниту една институција или друг орган во постапките за вработување кои се започнати во изборен процес и истите треба да се стават во мирување. Ниту еден закон од областа на работното законодавство не подразбира специфичен или некласичен работен однос. Секој работен однос се заснова врз основа на соодветно законско решение во зависност од природата и карактерот на конкретното вработување, т.е дали станува збор за вработување во јавниот сектор, јавната администрација, приватен сектор и вработување во определени јавни установи и организации, доколку се предвидени посебни законски одредби во нивните материјални закони. Дотолку повеќе што во прилог на Изјаснувањето од Академија за судии и јавни обвинители од 18.04.2024 година е доставен**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Договор за вработување на определено работно време, каде во член 1 се утврдува дека засновањето на работниот однос се врши на начин и под услови утврдени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за работните односи и Општите акти на Академијата. Во членот 2 и 3 се утврдува дека со овој договор се регулираат правата, обврските и одговорностите од работниот однос како и дека работниот однос се заснова на определено време со Академијата.** Во член 5 став 1 точка 3 од Законот за работните односи е уредено дека: "*Работник на определено работно време" значи лице со договор за вработување склучен непосредно помеѓу работодавачот и работникот, каде што истекот на договорот за вработување е определен од објективни услови и тоа доаѓањето на одреден датум, завршување на одредена задача или појавата на одреден настан.* ". Во член 14 од истиот закон е пропишано дека:

*„(1) Договор за вработување се склучува за време чие траење однапред не е определено (работен однос на неопределено време).*

*(2) Договор за вработување може да се склучи и за време чие траење однапред е определено (работен однос на определено време).*

*(3) Договор за вработување, во кој не е утврдено времето за кое е склучен договорот, се смета за договор за вработување на неопределено време.* ".

**Оттука, договорот за вработување што слушателите после спроведување на квалификациските тестови ќе го склучат со Академијата за судии и јавни обвинители, е класичен (да се послужиме со јазикот на претставниците на Академијата за судии и јавни обвинители) договор за вработување на определено време.**

**Исклучок од наведеното се само вработувањата во „случаи на итни и неодложни работи" чиј поим е дефиниран во член 2 став 1 точка 29 од Изборниот Законик. Предметната законска одредба пропишува дека:** „*Случаи на итни и неодложни работи" се вработувањата на определено време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес*".

Вака конципираната законска одредба, не наоѓа примена во конкретниот случај, од причина што почетната обука на слушателите за кандидати за судии и јавни обвинители, не претставува образовен процес во смисол на цитираната законска одредба која конкретно упатува на наставен кадар во образовен процес, а не и на процес на доостручување и стручно усовршување на идни судии и јавни обивнители кои да не се занемри, не се во образовен процес како што тоа е предвидено во точката 29 од Изборниот Законик како истата би нашла примена, туку се веќе оформени кадри – дипломирани правници, кои преку засновањето на работниот однос со Академијата тесно се обучуваат за посебните вештини за судии и јавни обвинители.

Што се однесува на започнатите постапки законодавецот налага да се ставаат во мирување сите започнати постапки. Целта на законодавецот со пропишување на ваквите забрани утврдени во Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси е да се овозможи фер, објективен, непристрасен изборен процес, без било какво потенцијално влијание врз гласачите на изборниот ден да гласаат за определена политичка партија / кандидат.

Што се однесува на напатствието на Управниот суд на Република Северна Македонија содржано во Пресудата УРП бр.76/2024, Државна комисија за спречување на корупцијата утврди дека мислењето од 2017 година е донесено врз сосема различен правен основ и различна фактичка и правна ситуација од законскиот основ, фактичката и правната ситуација содржана во предметната управна работа. Ова се поткрепува со фактот што во 2017 година процесот на селекција на слушатели за почетна обука во Академија за судии и јавни обвинители бил завршен, потребно било да се пристапи единствено кон склучување на договорите за вработување на определено време. Дополнително, во 2017 година во месец февруари кога е дадено мислењето

од страна на Државна комисија за спречување на корупцијата, парламентраните избори одржани на 12.12.2016 година беа завршени и пратениците и нивните мандати во тоа време беа потврдени од Државната изборна комисија. Исто така согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси кој што бил во примена во 2017 година, Државна комисија за спречување на корупцијата имала законско право и надлежност да дава мислење по однос на ваквите постапки, за разлика од Законот кој што е во примена денес, а донесен во 2019 година, а врз основа на кој што Државна комисија за спречување на корупцијата нема законска надлежност да дава мислење.

Дека постапката не е итна и неодложна, говори фактот дека по распишување на јавниот оглас, се случиле **дури три прекини на постапката** и тоа: за прв пат се случил **прекин на постапката поради донесување на новиот Закон на Академија за судии и јавни обвинители** во месец јуни 2023 година. Во месец октомври и месец ноември 2023 година е продолжена постапката и се спроведени тестови за познавање на странски јазици, психолошки тест, и тест за интегритет како дел од приемниот испит за почетната обука.

**По ова повторно е прекината постапката за прием на слушатели заради начинот на полагање на квалификацискиот тест. Во моментот на донесување на Решението за распишување на претседателските избори на 14.02.2024 година, предметната постапка повторно била во фаза на мирување.** Дури на седницата одржана на 14.03.2024 година Управниот одбор на Академијата констатира дека се исполнети условите за полагање на квалификацискиот тест со хартиено тестирање, а резултатите од тестирањето да се добијат со електронски читач.

И она што е најбитно во конкретниот случај, **е различното читање на даденото мислење од страна на Академијата и од страна на Државна комисија за спречување на корупцијата**. Во даденото мислење од 2017 година на Државна комисија за спречување на корупцијата, изричито се наведува дека не постои законска пречка да се реализира започнатата постапка за вработување на определено време доколку за овие вработувања била обезбедена согласност за обезбедени финансиски средства за вработување во 2017 година и се работи за вработувања во случаи на итни и неодложни работи. Пресликано во денешна перспектива, неспорно е дека Академијата ги обезбедила финансиските средства за вработување за 2024 година, но во ниту еден случај ваквите вработувања не може да ги подведеме под одредбата од член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик. Самото мислење, не го забранува процесот на вработување, меѓутоа го условува со овие два параметри, односно со мислењето од 2017 година Академијата е таа која имала обврска да оцени дали ваквите вработувања се итни и неодложни, а не толкувајќи го денес тоа мислење, да тврди и да создава впечаток во јавноста дека со мислењето од 2017 година Државна комисија за спречување на корупцијата дозволило ги дефинирало ваквите вработувања како итни и неодложни.

Од утврдената фактичка состојба, Државната комисија постапувајќи по поднесениот приговор и по дадените напатствијата на Управниот суд на Република Северна Македонија, констатира дека сомневањата за прекршување на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, се основани.

По однос на барањето истакнато од страна на Академијата за судии и јавни обвинители во нивното произнесување од 18.04.2024 година, за сослушување во својство на сведоци на Претседателот на Судскиот совет на РСМ и Советот на јавни обвинители на РСМ, донесе процесно решение со кое ваквиот предлог го одби од причини што фактичката состојба во конкретната управна работа е јасна и целосна, а предложените сведоци со нивните сведочења нема да придонесат кон утврдување на различна фактичка состојба, во услови на постоење на доволен број на материјални докази за предметната работа. Околностите на кои беа истите предложени во својство на сведоци, во ниту еден случај не може да придонесат за поинаков став на ДКСК за тоа што претставуваат итни и неодложни работи, особено ако се има предвид трите прекини кои се случиле од објавување на огласот до денес, а кои евидентно не нанесуваат штета на екипирање на правосудниот

систем, имајќи предвид да такви докази не беа доставени. Конечно, обврска е на ДКСК е доследна примена на законските одредби во конкретниот случај на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, кои недвосмислено забрануваат спроведување на процеси на вработување.

Во исто време на колегиум одржан на ден 19.04.2024 година, ДКСК донесе одлуки по однос на барањата за изземање на петмина членови на ДКСК, доставени од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, и тоа Сервет Демири, Билјана Каракашова Шулев, Софија Спасова Медарска, Зоран Богоевски и Цвета Ристовска. Барањата за изземање на Цвета Ристовска и Сервет Демири ги отфрли како беспредметни, бидејќи веќе истите на Колегиумот одржан на ден 15.04.2024 година беа изземени од понатамошно постапување, додека пак барањата за изземање на членовите на ДКСК Билјана Каракашова Шулев, Софија Спасова Медарска и Зоран Богоевски ги одби како неосновани, бидејќи не постојат причини за нивно изземање во конкретната управна работа.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:**

**Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата е дозволена тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.**

Републикa Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: К.З., раководител на одделение

Доставено до :
- Архива
- Подносителот
- Јавната институција против која е поднесен приговорот